# Where can I get more information?

For more information, you can talk to:

- Your doctor
- Your local palliative care service

You can also call Palliative Care Victoria to find out more information or help you find your local palliative care service.

**Freecall**
1800 660 055 or
03 9662 9644
(9am – 5pm Monday to Friday)

A telephone interpreter can be arranged – tell us what language you speak.

# Каде можам да добијам повеќе информации?

За повеќе информации, можете да зборувате со:

- Вашиот доктор
- Вашата локална служба за палијативна нега

Исто така, можете да се јавите во Palliative Care Victoria (Палијативна нега на Викторија) за да добиете повеќе информации или за да ви помогнат да ја најдете локалната служба за палијативна нега.

**Бесплатен повик на**
1800 660 055 или
03 9662 9644
(9 ч. наутро – 5 ч. попладне, од понеделник до петок)

Можеме да ви организираме преведувач преку телефон – кажете ни кој јазик го зборувате.

Interpreter

Culturally Responsive Palliative Care
Community Education

Palliative Care Victoria
Specialist health care and practical support

eccv
The Voice of Multicultural Victoria

State Government Victoria

Lord Mayor's Charitable Foundation

We thank the Victorian Government and the Lord Mayor's Charitable Foundation for their support.
Им благодариме на владата на Викторија и Lord Mayor's Charitable Foundation (Добротворна фондација на градоначалникот) за нивната поддршка.

This handout was produced by Palliative Care Victoria in partnership with the Ethnic Communities Council of Victoria and the Multicultural Centre for Women's Health.
Оваа брошура ја подготви Palliative Care Victoria во соработка со Ethnic Communities Council of Victoria (Совет на етнички заедници во Викторија) и Multicultural Centre for Women's Health (Мултикултурен центар за здравје на жените).

Photos used in this brochure are for illustrative purposes only.
Фотографиите што се користат во оваа брошура се наменети само за илустрација.



MACEDONIAN

# Palliative Care

Helping people with incurable (terminal) illness live well

# Палијативна нега

Помош за лица со неизлечлива болест за да живеат добро

## What is palliative care?

Palliative care helps people with an incurable (terminal) illness to have the best possible quality of life. It is available for everyone – of any age, race, culture, background or religion, and most services are free.

Depending on your needs, palliative care may include:

- Medicine and other therapies to relieve your pain and manage symptoms
- Support for your family members
- Help and equipment to live comfortably at home where possible
- Help to meet your spiritual, religious or cultural needs
- Regular visits from health workers and other care providers

If you choose to have palliative care, you can talk about your individual needs, ask any questions and make requests so you have the best care possible.

When using palliative care, the person with the illness and their family will always have the final say when making decisions about their health, medical treatment and wellbeing.

## Што е палијативна нега?

Палијативната нега им помага на лица со неизлечлива болест да го имаат најдобриот можен квалитет на живот.  Таа им е достапна на сите – од било која возраст, раса, култура, потекло или вера, и повеќето услуги се бесплатни.

Во зависност од вашите потреби, палијативната нега може да вклучува:

- Примање лекарства и други терапии за да се намали вашата болка и да се контролираат симптомите
- Поддршка за членовите на вашето семејство
- Помош и опрема за да можете удобно да живеете дома, кога тоа е можно
- Помош за да се задоволуваат вашите духовни, верски или културни потреби
- Редовни посети од здравствени работници и други доставувачи на нега

Ако изберете палијативна нега, тогаш можете да зборувате за вашите лични потреби, да поставувате прашања и да барате одредени работи за да ја добивате најдобрата можна нега.

При користењето на палијативна нега, заболеното лице и неговото/нејзиното семејство секогаш го имаат последниот збор при донесување на одлуки за неговото/нејзиното здравје, медицинските третмани и благосостојба.

## Palliative care does not mean the end

Palliative care can be used at any time in your illness, not just for people who are near the end of life. Using palliative care does not mean there is no hope, you have 'given up' or your families don't care. You can continue treatment at the same time as receiving palliative care.

You may be able to use natural therapies (e.g. massage, acupuncture) or traditional medicine at the same time as palliative care.

### Палијативната нега не значи крај

Палијативна нега можете да користите во било кое време додека боледувате, таа не е наменета само за лицата кои се при крај од животот. Ако користите палијативна нега, тоа не значи дека надежта е изгубена, дека сте се 'откажале од животот' или дека вашите семејства не се грижат за вас. Можете да продолжите со лекувањето додека истовремено добивате палијативна нега.

Можете да користите природни терапии (пр., масажа, акупунктура) или традиционални лекарства и палијативна нега во исто време.

## Who might be included in providing palliative care?

Your palliative care team can include your own doctor, specialist doctors and nurses, physiotherapists, religious or spiritual advisors and others.

### Кој може да биде вклучен во давање на палијативна нега?

Во тимот за палијативна нега можат да бидат вклучени вашиот доктор, доктори специјалисти, специјализирани медицински сестри, физиотерапевти, верски или духовни советници и други лица.

## Where can I receive care?

Depending on your needs and other factors, you may receive care at home, at a general hospital, at a hospice, at a hospital unit for people with a serious illness, or other care facility (e.g. Aged care facility). Care in a hospital or a hospice is usually for a short time to treat your symptoms and pain so that you can return home if possible.

### Каде можам да добивам нега?

Во зависност од вашите потреби и други фактори, можете да добивате нега во вашиот дом, во општа болница, одделение или болница за тешко болни лица, или во други установи за нега (пр., старски дом). Негата во општа болница или болница за тешко болни лица обично е краткотрајна и е наменета да се намалат вашите симптоми и болка за да можете да се вратите дома, ако тоа е можно.

## Will I have to pay?

Most services are free but there may be some costs for equipment or medicines. Ask your local palliative care service to make sure you know if there are costs.

### Дали треба да платам за негата?

Повеќето услуги се бесплатни, меѓутоа можеби ќе треба да се плати за опрема или лекарства. Распрашајте се во локалната служба за палијативна нега за да знаете дали ќе има трошоци.

## What if I want to speak in my own language?

If you feel better speaking in your own language, let your palliative care service know. In most cases, an interpreter can be organised at no cost to you.

### Што да направам ако сакам да зборувам на мојот јазик?

Ако се чувствувате подобро кога зборувате на вашиот јазик, известете ги за тоа во службата што ви нуди палијативна нега. Во повеќе случаи, може да се организира бесплатен преведувач



## How can palliative care services support my family to care for me?

Palliative care also helps your family who cares for you. This may include:

- Help with doctors' and other appointments
- Help your family to learn to provide you with the right medicine and care
- Support to meet their needs
- A break from care
- Help to organise financial and legal support
- Support and advice after business hours

### Како може службата за палијативна нега да му даде поддршка на моето семејство да се грижи за мене?

Палијативната нега исто така му помага на вашето семејство кое се грижи за вас. Помошта може да вклучува:

- Помош при закажани лекарски прегледи или други средби
- Помош со којаважето семејство ке се оспособи да ви ги дава вистинските лекарства и нега
- Поддршка со која ќе се задоволуваат нивните потреби
- Одмор од негувањето
- Помош при организирање на финансиска и правна поддршка
- Поддршка и советување после работното време